До Агенцијата за електронски комуникации е доставено барање за измена на „Правилник за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции" („Сл. Весник на РМ број 274/2021) број 0805-1592/1 од 13.09.2023 година од Ехостар Мобајл Лимитед застапувано од Адвокат Мартин Иванов Скопје. Барањето е во согласност со Одлуката на Европскиот парламент 626/2008/ЕС. Врз основа на оваа одлука, Европската комисија донесе Одлука 449/2009/ЕС од 13.05.2009 со која се избираат и авторизираат следните оператори:

(а) **Inmarsat Ventures Limited:** од 1980 до 1995 MHz (Земја-вселена) и од 2170 до 2185 MHz (вселена- Земја);

б) **Solaris Mobile Limited (сега EchoStar):** од 1995 до 2010 MHz (Земја-вселена) и од 2185 до 2200 MHz за (вселена- Земја);

Во 2021 година во прилогот на Правилникот за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции за опсегот 1980-2010 MHz и 2170-2200 MHz е наведен само Inmarsat. Агенцијата предлага покрај Inmarsat да се дополни и EchoStar и соодветната Одлука на Европската комисија 449/2009/ЕС.

Во продолжение е предлог дополнувањето на правилникот (дополнетиот текст е подвлечен):

| Радиофреквенции | Употреба | МКС и ETSI стандард | Моќност / Магнетно поле | Пристап и услови | Ширина на канал | СЕРТ документи | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1980 - 2010 MHz | Inmarsat <u>EchoStar</u><br><br><u>(449/2009/EC)</u> | МКС EN 301 442 МКС EN 301 473 EN 302 574-2 | | | | ECC/DEC/(06)09 ECC/DEC/(06)010 | Мобилна сателитска компонента и терминали (за комплементарна земска компонента, CGC се издава одобрение) |
| 2170 - 2200 MHz | Inmarsat <u>EchoStar</u><br><br><u>(449/2009/EC)</u> | МКС EN 301 442 МКС EN 301 473 EN 302 574-2 | | | | ECC/DEC/(06)09 ECC/DEC/(06)010 | Мобилна сателитска компонента и терминали (за комплементарна земска компонента, CGC се издава одобрение) |